ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

# ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИТЕ РЕВИЗОРИ

## До акционерите и раководството на АД ФК МАКЕДОНИЈА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - 1932

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (стр. 1 до 32 ) на **АД ФК МАКЕДОНИЈА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ - 1932** (во понатамошниот текст "Друштвото"), што се состојат од Извештај за финансиската состојба на ден 31 декември 2020 година, Извештај за сéопфатна добивка што тогаш завршува, Извештај за промените во сопственичката главнина, Извештај за паричните текови и Прегледот на значајни сметководствени политики и останати белешки кон финансиските извештаи.

*Одговорност на раководството за финансиските извештаи*
Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија. Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементирање и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали истото е резултат на измама или грешка, избирање и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во дадените околности.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја извршивме нашата ревизија во согласност со Законот за ревизија на Република Македонија и Меѓународните стандарди за ревизија кои што се променуваат во Р.Македонија. Овие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања, да ја планираме и извршиме ревизијата на начин кој ќе ни овозможи да добиеме разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува спроведување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од значајно погрешно прикажување во финансиските извештаи, настанато како резултат на измама или грешка. При проценувањето на овие ризици, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на финансиските извештаи на Друштвото со цел дизајнирање на ревизорски постапки што се соодветни на околностите, но не за цел на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на Друштвото. Ревизијата исто така вклучува и оценка за соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на раководството, како и оценка на сéвкупното презентирање на финансиските извештаи.

Веруваме дека ревизорските докази кои што ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

ECOVIS®
AUDIT MACEDONIA
1-1/10 Anton Popov, P.O. Box 462
1000 Skopje, Republic of Macedonia
Phone: +389 2 2 463 140
Fax-No: +389 2 2 462 063
E-mail: contact@ecovis.mk
www.ecovis.com

*Мислење*
Според наше мислење, финансиските извештаи ја прикажуваат реално и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на АД ФК МАКЕДОНИЈА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ – 1932 на ден 31 декември 2020 година, во согласност со сметководствените стандарди кои се применуваат во Република Македонија и Правилникот за лиценцирање на УЕФА .

**Извештај за други правни и регулаторни барања**
Раководството на Друштвото и исто така одговорно за изготвување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2020 година во согласност со член 384 од Законот за трговски друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење на конзистентноста на годишниот извештај, со историските финансиски информации објавени во годишната сметка и поединечните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31.12.2020, во согласност со МСР 720, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за Ревизија (Сл. весник на РМ бр. 158 од 2010 година).

Наше мислење е дека, историските финансиски информации изнесени во Годишниот извештај за работењето на Друштвото со состојба на и за годината што завршува на 31.12.2020, се конзистенти, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во годишната сметка и поединечните финансиски извештаи на Друштвото со состојба на и за годината која завршува на 31.12.2020 година.

Друштво за ревизија
Ековис Аудит Македонија ДОО
Управител
Кирил Андоновски

Овластен ревизор
Маја Ивановска

Скопје, 29.03.2021 година